**<u>Образец бр.1</u>**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на Закон за престанување на важењето на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Владата н Кралството Шпанија по Договорот за кредит за реализација на проектот ХЕЦ „Лера“ како дел од хидросистемот „Стрежево“ |
| Министерство: | Министерство за финансии |
| Лице за контакт/одговорно лице: | М-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | 04.01.2012 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | НЕ |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>

1.Кои се главните проблеми?

Договорот за заем за реализација на проектот ХЕЦ „Лера“ е раскинат спогодбено. Затоа, потребно е Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Кралството Шпанија по Договорот за кредит, за реализација на проектот ХЕЦ „Лера“ како дел од хидросистемот „Стрежево“ да престане да важи во правниот систем на Република Македонија.

2.Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

Со донесување на овој закон, во правниот систем на Р.Македонија ќе престане да важи Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Кралството Шпанија по Договорот за кредит, за реализација на проектот ХЕЦ „Лера“ како дел од хидросистемот „Стрежево“.

3.Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

Нема засегнати страни.

<u>Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

ЈП "Стрежево" ги извести останатите учесници во проектот дека веќе не се согласуваат со техничко - технолошките решенија предвидени со проектот и дека не прифаќаат истиот да го реализираат на предвидениот начин. Како резултат на забелешките од ЈП „Стрежево", Министерството за индустрија, туризам и трговија на Кралството Шпанија не донесе одобрение за прифаќање на проектот. Затоа овој кредит не е ефективен и не се повлечени средства од истиот. Договорот за заем е раскинат спогодбено, затоа се пристапи кон донесување на Закон за престанување на важењето на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Кралството Шпанија реализација на проектот.

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

Не се потребни други дополнителни информации.

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

Иницијална проценка на влијание на регулативата.

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

Не.

**Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**
(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија)

<u>В. Временска рамка</u>

1.Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?

13.12.2011 година.

2.Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?

Не.

3.Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?

На 27.12.2011 година.

Г. Ресурси

1.Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?